**УПАТСТВО ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И ЗА ГЛАСАЊЕ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЗА ЧЛЕНОВИ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ - СКОПЈЕ**

Со кликање на линкот **ГЛАСАЈ ТУКА** се отвора формата за регистрација.




При регистрирањето, студентот треба во соодветните полиња во формата да ја внесе точната електронска адреса (email) со која е регистриран во IKNOW - системот, како и бројот на индекс.




Доколку податоците за е-пошта и/или број на индекс не се точни, апликацијата јавува порака за грешка, односно студентот не може да се регистрира за понатамошно гласање со грешни податоци.






По внесувањето на точните податоци, студентот се регистрира и добива пристап до формата за гласање. На формата за гласање автоматски се генерираат податоците за студентот кој гласа (име, презиме и студиска година) и двете полиња (копчиња) за гласање, од кои со кликање на едното копче студентот добива пристап за гласање за претседател, а со кликање на другото за гласање за членови на ФСС од соодветната студиска година.




Со кликање копчињата за гласање се отвора списокот на кандидати (за членови на ФСС/ за претседател), соодветно. Во однос на гласањето за членови на ФСС, добива пристап само до листата на кандидати за членови на ФСС од соодветната студиска година.




Со кликање на квадратчето пред кандидатите студентот ги означува кандидатите за кои сака да гласа. Бројот на избраните кандидати треба да е ист со бројот наведен во насловот (во случајов четири кандидати). Доколку бројот на кликнатите кандидати е поголем или помал системот јавува порака за грешка и студентот не може да го потврди гласањето.




Ако бројот на означените кандидати е точен студентот со кликање на - "ПОТВРДИ" го потврдува своето гласање и на местото на копчето кое го кликнал за да го одбере типот на гласањето "ГЛАСАЈ ЗА ЧЛЕНОВИ ..." се појавува порака за успешно гласање.




Потоа студентот може да гласа за претседател на ФСС со кликање на соодветното копче, со што добива пристап до листата од двајцата пријавени кандидати за претседател. За претседател на ФСС гласаат сите заинтересирани студенти, независно од студиската година.




Од понудените двајца кандидати, студентот може да гласа само за еден кандидат. По кликање на соодветното квадратче, се потврдува гласањето на копчето - “ПОТВРДИ”. Исто како и во случај, доколку се одберат двајцата кандидати или во случај да не се одбере ниту еден кандидат, системот јавува грешка и не може да се потврди гласањето.




Со означување на еден од кандидатите и кликање на" ПОТВРДИ" студентот го реализирал гласањето за претседател и на местото на копчето "ГЛАСАЈ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ..." се појавува порака за извршено гласање.

**Гласањето за кандидати за студентско собрание е извршено. Конфирмација за извршеното гласање ќе добиете на емаил. Ви благодариме на гласањето.**

**Гласањето за претседател за студентско собрание е извршено. Конфирмација за извршеното гласање ќе добиете на емаил. Ви благодариме на гласањето.**

**Гласачка листа на кандидати за претседател на факултетското студенско собрание**

Означете го кандидатот за кој сакате да гласате. Мора да гласате за **1/еден** кандидати:

- [x] ПРЕТСЕДАТЕЛ1
- [ ] ПРЕТСЕДАТЕЛ2

Како што е наведено и во двете пораки секој студент кој го остварил правото на гласање во сандачето на на својата е-пошта (email) добива две пораки за потврдување на извршеното гласање, една за гласањето за претседател, друга за гласањето за членови на ФСС.

**Конфирмација за извршено гласање за претседател за студентскиот совет** - Почитуван/а Николовски Александар с...

**Конфирмација за извршено гласање за кандидтаи за студентски совет** - Почитуван/а Николовски Александар со бр...

Во секоја од пораките се наведени кандидатите за кои студентот гласал.

Почитуван/а Николовски Александар

со број на индекс 12345

прв циклус студии - ЧЕТВРТА година

Ви потврдуваме дека гласавте за следниве кандидати на студентскиот совет:

Кандидат 1 ,Кандидат 3,Кандидат 4,Кандидат 6

Ви благодариме на Вашиот интерес.

Филолошки факултет "Блаже Конески"

Почитуван/а Николовски Александар

со број на индекс 12345

прв циклус студии - ЧЕТВРТА година

Ви потврдуваме дека гласавте за следниот кандидат за претседател за студентскиот совет:

ПРЕТСЕДАТЕЛ1

Ви благодариме на Вашиот интерес.

Филолошки факултет "Блаже Конески"

Секој студент има право да гласа само еднаш. Доколку се обиде повторно да се најави, системот тоа го препознава и дава пораки дека тој студент веќе гласал.




Со ова секој студент кој гласал,  го остварил своето право и неговиот избор на кандидат(и) е влезен во евиденција.

По завршувањето на гласањето,  конечните резултати  ќе бидат достапни на истиот линк. Во базата на податоци се евидентираат само гласовите, а не податоците за студентите што гласаат, со цел гласањето да биде тајно.